ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Група избирачи Димче Андрески носител на листа за избор на членови на совет на општина за Локални избори 2021 година Општина Дебрца.

**Предмет на ревизија:**
Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

Учесникот во изборната кампања кај носител на платен промет нема отворено трансакциска сметка со назнака "за изборна кампања" и не се доставени дел од законски пропишаните извештаи до надлежните институции.

**Издадено мислење/заклучок*:** (црно, црвено)

Се воздржуваме од изразување мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, а за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме неповолно мислење.

**Клучни препораки:**

Ревизијата не дава препорака бидејќи се работи за група на граѓани кои еднократно за оваа изборна кампања го поддржуваат кандидатот.

**Клучни системски слабости:**
Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- пропишување на мерливи критериуми за обезбедување и распределба на средствата од Буџетот наменети за платено политичко рекламирање;
- утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите не се прифаќаат, односно претставуваат образложение за начинот и постапката за поднесување, прием и потврдување на кандидатските листи за локални избори, без да бидат доставени дополнителни докази.

**Одговор на добиени забелешки:**
Одговорот е на известувањето е даден во прилог на овој Конечен извештај.

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување